РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Предмет: Четврти дневен извештај на Агенцијата

Бр. 03-2022/1

Скопје 04.04.2019г.

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за 4-ти април 2019 година.

Во денешниот извештај ве информираме за следново:

- На ваше барање, Агенцијата до сите радиодифузери испрати известување за кампањата од јавен интерес на ДИК – „Глас по глас", со која гласачите се едуцираат и информираат за нивните гласачки права, со препорака да ја емитуваат означена како „бесплатно емитување".
- Денеска, ви испративме одговор и на вашиот допис во врска со објавените резултати од испитувања на јавното мислење на електронскиот медиум Дојче Веле.

Агенцијата денес одговори и на три претставки/прашања:

- На молба за информации и инструкции од здружението Млади европски федералисти – Македонија, која се однесуваше на прашања поврзани со закажана панел дискусија за 20 април 2019 година, за време на изборен молк;
- На прашање на г. Шабан Салиу за изборните правила, а во врска со гостување на медиум по повод 8 април, Светскиот ден на Ромите; и
- На претставка поднесена од анонимен испраќач која се однесува на употребата на уставното име на државата во рекламните спотови на ВМРО ДПМНЕ.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

.......................................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје